Consult-00-MAC-mac-Feb14

**Тим за поддршка на мали бизниси**
Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
ТЦ Соравиа 7ми кат, Филип Втори Македонски бр.3, 1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 2 3135 078  Факс: +389 2 3231 238
Е-пошта: knowhowmkd@ebrd.com  Веб-страна: ebrd.com/knowhow

Советување на мали бизниси

Серија обуки за раст на вашиот консултантски бизнис

# Раст на вашиот консултантски бизнис? *Know-how.*

Од дијагостика на еден бизнис до усовршено пишување на успешен предлог проект,
научете ги вештините кои ви се потребни за да започнете, да се развиете
и да ја трансформирате вашата експертиза во профитабилен консултантски бизнис.



European Bank
for Reconstruction and Development

# Од започнување на консултантски бизнис до примена на најдобри практики во советувањето, ние знаеме како и имаме *know-how.*

Од започнување на консултантски бизнис до примена на најдобри практики во советувањето, ние знаеме како и имаме *know-how*.

Серијата обуки за раст на вашиот консултантски бизнис е збир на обуки за основните вештини, знаења и техники за ефикасни и влијателни консултатски услуги, а исто така и за водење на успешен консултантски бизнис. Обуките нудат know-how потребно за започнување на консултантска кариера до водење на профитабилен бизнис и ќе ви помогнат да давате квалитетни совети за кои малите и средни бизниси се подготвени да платат.

Без оглед на нивото на вашето искуство, нашите обуки обезбедуваат врвни консултантски алатки и практики кои ќе ви помогнат да ги остварите вашите амбиции и да изградите одржлив консултантски бизнис. Без разлика дали сте експерт кој сака да го искористи своето знаење како професионален консултант, млад консултант кој сака да ги надогради своите вештини, искусен консултант кој сака да дознае повеќе за нови специјализации, или пак сте сопственик на консултантска компанија и сакате да го подобрите бизнис моделот на својата компанија, одберете ја најдобрата обука за вас која ќе ве направи победник во играта.



Има шест обуки:

- Започнување на консултантски бизнис
- Основи на менаџмент консалтинг
- Менаџирање на консултантски бизнис
- Маркетинг и продажба на консултантски услуги
- Бизнис дијагностика за консалтинг
- Проектен менаџмент за консалтинг.

Можете да посетите една, четири или сите шест обуки, тоа зависи од вас и од вашите потреби. Благодарејќи на големата поддршка од нашите донатори, наплаќаме симболична сума за учество на обуките. За повеќе информации за обуките и како да се регистрирате, можете да не контактирате телефонски или преку е-пошта, или погледенете на www.ebrd.com/knowhow/consultant

# Основи на консултантството

## Основи на менаџмент консалтинг

Оваа петдневна обука дава целосен преглед на основите на менаџмент консалтингот. Од пишување на успешен предлог проект до менаџирање на односите со клиентите и основите на проектниот менаџмент, научете како да давате високо квалитетни совети, согласно стандардите во индустријата.

# Вашата консултантска пракса

## Започнување на консултантски бизнис

Ако имате бизнис знаење или техничка експертиза која сметате дека е вредна за малите и средни бизниси, оваа дводневна обука ќе ви помогне да научите како да го трансформирате знаењето во успешен консултантски бизнис. Од законските аспекти за започнување бизнис, преку добивање на први клиенти, па сè до стекнување со основните менаџмент вештини, научете како да го користите вашето искуство за реализација на квалитетни совети за кои малите бизниси би платиле.

## Менаџирање на консултантски бизнис

Усовршете ги вашите бизнис менаџмент вештини со оваа тридневна обука за сопственици и менаџери на консултантски компании. Од пристап кон нови групи на клиенти, до менаџирање со таленти и ресурси, научете како да го направите вашиот бизнис поефикасен, поконкурентен и попрофитабилен.

## Маркетинг и продажба на консултантски услуги

Многу мали и средни бизниси никогаш не размислувале да ангажираат надворешен консултант. Од подобро промовирање, до подготовка на успешни предлог проекти и подобро менаџирање на односите со клиентите, оваа четиридневна обука ќе ви помогне поуспешно и поефикасно да ги понудите вашите консултантски услуги, со цел да привлечете повеќе клиенти.

# Напредни консултантски вештини

## Бизнис дијагностика за консалтинг

Од избор до примена на вистинските алатки за дијагноза, научете како да го идентификувате коренот на проблемот на вашиот клиент и да препорачате соодветни решенија. Оваа тридневна обука ги зајакнува вашите аналитички и советодавни способности, помагајќи ви да дадете решенија, кои се навистина релевантни за вашите клиенти.

## Проектен менаџмент за консалтинг

Оваа четиридневна обука ќе ви ги подобри вештините за проектен менаџмент неопходни ефективно да реализирате високо квалитетни проекти. Развијте алатки, методологии и процеси, кои ќе ви помогнат да ги исполните барањата на софистицираните консултантски проекти, а при тоа реализирајте поголеми и посложени проекти за вашите клиенти.